# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

| 2 Ноември 2016 година | Гевгелија | Број 12 | Година XXXIX |
| --- | --- | --- | --- |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002год.), а во врска со член 36 став 4 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08, 15/09, 95/10, 180/11 и 171/12 год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 31.10.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за зголемување на Буџетот на општина Гевгелија за 2016 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши зголемување на Буџетот на општина Гевгелија за 2016 година, кој е објавен во ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.14/15, 7/16 год.), во делот на буџетот на донации, на следниот начин:
Потпрограма и назив на потпрограмата
Потставка и опис на потставката Буџет Самофинанс. Дотации Донации Кредити

1.-Се зголемуваат приходите на следните потставки:
**А00 СОВЕТ НА ОПШТИНАТА**
**742119 Други општи и тековни донации 1.700.000**

и се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки на донации - 785

**Н20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| **420230 Патување во странство-сместување** | **1.270.000** |
| **425990 Други договорни услуги** | **350.000** |
| **426990 Други оперативни расходи** | **80.000** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија" и е составен дел на Буџетот на општина Гевгелија за 2016 година.

Бр.09-2503/1
31.10.2016 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02год.), а во врска со член 89а став 1 алинеа 3 од Законот за средно образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 26/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 31.10.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на измени и дополнувања на финансиски план на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2016 година**

1.Се усвојува Измени и дополнувања на финансиски план на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2016 година, на планирани приходи и расходи за сметка 715010824978550, за проектот Ѐ ВОВЕДНА ОБУКА ВО ЕЛЕКТРОНСКИОТ БИЗНИС" за период јуни-декември 2016 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.02-914/1 од 25.10.2016 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2504/1
31.10.2016 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

**АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

Врз основа на член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), член 58 став (1) од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15. 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16 и 31/16 год.), и член 12 став (2) и (3) од Законот за спречување на судир на интереси ("Службен весник на РМ" бр.70/07. 03/08, 114/09, 98/10, 06/12 и 153/15 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за привремено изземање на член на Комисијата за спроведување постапка за јавно наддавање за градежно земјиште - сопственост на Република Македонија**

1.Привремено се иззема лицето Панче Киров, дипломиран инженер архитект - вработен од општина Гевгелија, од функцијата член на Комисијата за спроведување постапка за јавно наддавање за градежно земјиште - сопственост на Република Македонија во општина Гевгелија, поради постоење основани причини за судир на инереси.

2.Горенаведеното лице привремено се иззема од оваа функција поради вклученост на негов близок роднина (сопруга) како апликант на Објавата бр.3 за оттуѓување на градежно земјиште во сопственост на РМ по пат на електронско јавно наддавање во општина Гевгелија, објавена во дневните весници "Нова Македонија" и "Вечер", и во "Службен весник на РМ".

3.Изземањето се однесува само за периодот на спроведување на целата постапка околу Објавата бр.3 за оттуѓување на градежно земјиште во сопственост на РМ по пат на електронско јавно наддавање во општина Гевгелија. Во другите објави, доколку не се исполнети условите за изземање, лицето Панче Киров останува член на оваа Комисија.

4.Еден примерок од ова Решение да се достави до изземеното лице и до членовите на Комисијата за спроведување постапка за јавно наддавање за градежно земјиште - сопственост на Република Македонија во општина Гевгелија.

5.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-2419/1 Градоначалник
19.10.2016 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франѓов с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за зголемување на Буџетот на општина Гевгелија за 2016 година ........................................................................................................................ 269

2.Решение за усвојување на измени и дополнувања на финансиски план на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2016 година .................... 270

**АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

1.Решение за привремено изземање на член на Комисијата за спроведување постапка за јавно наддавање за градежно земјиште -сопственост на Република Македонија .......................................................... 270

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**